РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ОПШТИНА КРУШЕВО
KOMUNA E KRUSHEVËS
Бр. 03-1161/1
18.11. 2025 Год.

**До:**
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Бул. „Св. Климент Охридски“ бр. 16
1000 Скопје

**Предмет: Барање за спроведување ревизија на работењето на Општина Крушево за периодот од 01.11.2017 година до 10.11.2025 година.**

Архивски знак / Shenjë arkivore 0306
Рок на чување / Afati i ruajtjes 10 god
____.____. 20____ vit Потпис / Nenshkrim
Крушево / Krushevë

Почитувани,

Врз основа на член 18 и член 19 од Законот за државната ревизија, Општина Крушево доставува барање за спроведување ревизија на вкупното работење на Општината во периодот на претходните два мандати, во времетраење од 01.11.2017 година до 10.11.2025 година.

Целта на ревизијата е:

- утврдување на законитоста на работењето во наведените периоди,
- проверка на буџетското и финансиското управување,
- оценување на правилноста во планирањето и извршувањето на буџетот,
- увид во спроведените јавни набавки, договори, ангажмани и други финансиски обврски,
- преглед на состојбата со долговите, обврските и преземените задолжувања,
- утврдување евентуални неправилности и изготвување препораки за нивно надминување.

Општина Крушево, во интерес на транспарентноста и отчетноста, е подготвена веднаш да обезбеди целокупна документација поврзана со работењето во наведениот период, вклучително и:

- буџетски одлуки и завршни сметки,
- извештаи од финансиско работење,
- договори од јавни набавки и други договори,
- одлуки на Советот,
- сметководствена документација и друга релевантна документација.

Ве молиме да нè известите за започнување на постапката, назначениот ревизорски тим и динамиката на ревизијата.

**Со почит,**

**Општина Крушево**
**Градоначалник,**

**Нико Чонески**